**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Катедра: Сметководство и ревизија**

**🏆 СМЕТКОВОДСТВЕНА СУПЕР ЛИГА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАН НАСТАН

**Назив на настанот:** Натпревар – „Сметководствена Супер Лига“

**Тема:** Едукативен натпревар заснован на практично знаење од областа на сметководството, финансиското известување и ревизијата.

**Датум на одржување:** 19.03.2026 година.

**Локација:** Економски Факултет – Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Време:** 11.00 – 14.00 часот.

**Организатори:**

- ✓ **Проф. д-р Јанка Димитрова**, редовен професор на Катедрата за сметководство и ревизија при Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ангажирана во наставата на прв, втор и трет циклус студии, со предмети од областа на сметководството и ревизијата.
- ✓ **Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, редовен професор на Катедрата за сметководство и ревизија при Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ангажирана во наставата на прв, втор и трет циклус студии, со предмети од областа на сметководството и ревизијата.
- ✓ **Проф. д-р Благица Колева**, редовен професор на Катедрата за сметководство и ревизија при Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ангажирана во наставата на прв, втор и трет циклус студии, со предмети од областа на сметководството и ревизијата.
- ➢ **Катедра за сметководство и ревизија** при Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Профил на учесници:** Студенти од Економскиот факултет - Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Профил на присутни:** Ученици од средни училишта од Штип, Кочани, Струмица и Радовиш, предметни наставници, професори и студенти.

**Број на учесници и присутни:** Приближно 100 учесници и присутни.

**Форма на одржување на настанот:** Настан со физичко присуство.

**Цел на настанот:** Целта на настанот е унапредување на практичното учење преку натпреварувачки пристап, развивање на аналитичко и критичко размислување кај студентите, како и поттикнување на примената на стекнатите знаења од областа на сметководството и ревизијата во реални и симулирани деловни ситуации. Дополнително, настанот има за цел да придонесе кон развој на тимската работа, ефикасно донесување одлуки и способност за решавање на конкретни професионални предизвици.

Воедно, настанот има за цел и да ги запознае учениците од четврта година од средните училишта со студиските програми и можностите за академски и професионален развој во областа на сметководството и ревизијата. Преку нивното присуство и вклученост, се поттикнува интересот за продолжување на образованието во економските науки, како и процесот на кариерна ориентација и профилирање на идни кадри.

**Извештај за реализација на настанот:** Настанот беше реализиран во целост согласно предвидениот распоред и организациски план. Учесниците беа распределени во тимови и активно учествуваа во повеќе интерактивни задачи и предизвици од областа на сметководството, финансиското известување и ревизијата.

Активностите опфатија решавање на практични случаи, анализа на финансиски податоци, како и донесување на одлуки во услови на ограничено време.

Стручната комисија континуирано го следеше текот на натпреварот и вршеше евалуација на резултатите врз основа на однапред утврдени критериуми. Настанот се одвиваше во високо динамична, интерактивна и натпреварувачка атмосфера, со значително ниво на ангажираност од страна на учесниците.

На настанот активно присуствуваа и ученици од четврта година од средните училишта, кои покажаа значителен интерес за содржините и активностите на натпреварот. Нивното учество придонесе кон дополнителна интерактивност и размена на искуства, а воедно претставуваше и можност за нивно запознавање со студиската програма и професионалните можности во областа на сметководството и ревизијата. Присуството на средношколците има значајна улога во поттикнувањето на нивната иднообразовна ориентација и интерес за економските науки.

**Постигнати резултати:**

- ✓ Унапредување на практичните знаења и вештини на студентите;
- ✓ Развивање на тимска работа и комуникациски компетенции;
- ✓ Поттикнување на аналитичко, логичко и критичко размислување;
- ✓ Зголемена способност за примена на теоретските знаења во практични ситуации;
- ✓ Подигнување на интересот за сметководствената и ревизорската професија;
- ✓ Доделување на сертификати за присуство, учество и награди за најуспешните тимови;

**Ризици:**

Не се евидентирани значајни ризици при реализацијата на настанот.

**Забелешки и коментари:**

Настанот беше успешно реализиран и предизвика значителен интерес кај студентите и учениците од средните училишта, при што се потврди неговата висока образовна и практична релевантност.

Се препорачува негово континуирано организирање како дел од активностите за унапредување на квалитетот на наставниот процес и поврзување на теоретското знаење со практичната примена. Во таа насока, постои потенцијал за понатамошно унапредување и проширување на форматот, преку зголемување на бројот на учесници.

Настанот претставува значаен инструмент за поттикнување на интересот за економските науки и има потенцијал за долгорочна одржливост како препознатлива активност на Катедрата Сметководство и ревизија.

**Фотографии од настанот:**




Формат на натпревар
Рунда 3




Dios


Формат на натпревар
ФИНАЛЕ


Рунда 1
ROUND
1
Цел: Проверка на знаењата за основната класификација на сметките


„Земјишта" припаѓаат на:
Тековни средства
Не матријални средства
Постојани средства
Физички средства


Трошоци за суровини и материјали
9
0
Answers
True
False


Време е за пресметки
Пресметајте ги нето сегашната вредност на прашањата и одберете го точниот одговор


Градежни објекти со вредност 23,287.00 и акумулирана амортизација од 657,45
33
0
Answers
23,287.00
22.829.45
22,629.55
23.944.45


Набавка на опрема на фактура
Skip
39
0
Answers
(Должи +) Побарувања од клиенти / (Побарува - ) Вредноста на опремата
(Должи +) Вредноста на опремата / (Побарува -) Побарувања од клиенти
(Должи -) Обврски кон добавувачи / (Побарува -) Вредноста на опремата + ДДВ
(Должи +) Вредноста на опремата + ДДВ / (Побарува +) Обврски кон добавувачи


Плаќање на фактура од банкарска сметка
Skip
40
0
Answers
( Должи + ) Трансакциска сметка ( Побарува + ) Обврски кон добавувачи
( Должи - ) Обврски кон добавувачи ( Побарува - ) Трансакциска сметка
( Должи + ) Трансакциска сметка ( Побарува - ) Побарувања од купувачи
(Должи +) Побарувања од купувачи ( Побарува - ) Трансакциска сметка


Dios




Побарувањата од купувачи = 170,920.35 и расходите за нивен отпис од 2,026.85




Организатор:
Катедра Сметководство и ревизија
Економски факултет, УГД


Организатор:
Катедра Сметководство и ревизија
Економски факултет, УГД


УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
ШТИП
НАТПРЕВАР
СМЕТКОВОДСТВЕНА
СУПЕР ЛИГА
19.03.2026 | ВО 11:00 ЧАСОТ
Катедра Сметководство и ревизија
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Предавална 6, Универзитет "Гоце Делчев"
Учесници: СТУДЕНТИ
ПРИЈАВИ СЕ!
Рок за пријавување:
до 12.03.2026


УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро
Бирам мудро
Студирам на УГД
УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ